Бр./Nr 12-5582/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-5582/1 од 11.12.2023 година, со која се бара проверка на постапки за јавни набавки, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-5582/1 од 11.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 31.08.2023 година, поднесена е пријава со која се бара проверка на постапки за јавни набавки и оформен е предмет број 12-5582/1 од 11.12.2023 година.

Пријавата е насловена до ДКСК и Управата за финансиска полиција на РСМ при што од институциите се бара да извршат проверка на постапките за јавни набавки спроведени од -------------------------------- на Северна Македонија Скопје и склучени 12 договори со правното лице ----------------------------. Согласно наводите од пријавата, директорот на договорниот орган и сопственикот на правното лице се најблиски другари.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во спроведувањето на постапките за јавни набавки, како и дека пријавата е доставена до друга надлежна институција. Исто така, имајќи ги предвид одредбите од член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во кои е уредена дефиницијата на „судир на интереси", и член 8 став 4 од истиот закон каде е уредено значењето на поимот „блиски лица", посочените лица не претставуваат блиски лица согласно горецитираните одредби.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk